# ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ
## Биланс на приходите и расходи, класификација на приходи

2015, Скопје

# 1.Општи информации за ЦЕА

**а) Лого**

**б) Адреса**
ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА)

Бул. „Јане Сандански“ 63/3

1000 Скопје, Р.Македонија

Тел: + 389 (0)2 24 44 766
Моб: + 389 71 310 974

TIN: 4030003479278
Рег. 5763061 според законот за НГО

**в) Број на сметка**
Стопанска Банка АД Скопје

Број на сметка 200000856268559

**д) Веб страна и e-mail**
www.cea.org.mk
www.mkbudget.org
info@cea.org.mk
makmar2000@yahoo.com

# 2. Мисија и цели на ЦЕА

Мисијата на ЦЕА е континуирано да ги истражува економскиот развој и јавната политика во Република Македонија како и да понуди препораки, сугестии и мерки до владините и невладините институции.

Членовите на ЦЕА делат иста визија за Република Македонија како нова растечка економија интегрирана во регионалните и светски пазари. Тие го посветуваат своето време, напори и знаење да помогнат оваа визија да стане реалност.

ЦЕА е основана во март 2003 година.

Цели на ЦЕА се:
1. Обезбедување на квалитетна анализа на политики;
2. Поддржување на изводлива економска политика во Македонија;
3. Помагање во развојот на средина која донесува повисоко ниво на инвестиции, забрзан развој и раст во македонската економија, како и членство во ЕУ;
4. Достигнување финансиска одржливост;
5. Поттикнување на регионална соработка и поддршка на Балканот;
6. Зајакнување на граѓанското општество, општествениот капитал и доверба.

# Биланс на приходите и расходите за период 01.01.2014 – 31.12.2014

| Биланс на приходи и расходи за 2014 година за периодот 1/1/2014 до 31/12/2014 | | | |
|---|---|---|---|
| **Приходи 1/1/2014-31/12/2014** | МКД | ЕУР | % |
| Приходи од Грантови | 9.530.476 | 155.018 | 89% |
| Сопствени приходи | 995.000 | 16.184 | 9% |
| Останати приходи | 8.609 | 140 | 0% |
| Пренесен дел од вишокот | 229.863 | 3.739 | 2% |
| **Вкупно приходи** | **10.763.948** | **175.080** | **100%** |

| Расходи за 2014 (Оперативни и програмски) | МКД | ЕУР | % |
|---|---|---|---|
| Расходи за плати, експерти и други интелектуални услуги | 8.109.305 | 131.902 | 79% |
| Тековни оперативни расходи | 638.957 | 10.393 | 6% |
| Канцелариски и други потрошни материјали | 90.819 | 1.477 | 1% |
| Организирање на настани, обуки, конференции, форуми, трибини | 826.490 | 13.443 | 8% |
| Останати други нематеријални расходи | 19.878 | 323 | 0% |
| Трошоци за опрема | 91.960 | 1.496 | 1% |
| Трошоци за публикации и издавање | 201.852 | 3.283 | 2% |
| Финнсиски расходи | 91.760 | 1.493 | 1% |
| Расходи од минати години | 245.000 | 3.985 | 2% |
| **Вкупно расходи** | **10.316.021** | **167.795** | **100%** |

# Класификација на приходите за 2014 година

| Приходи на ЦЕА за 2014 год | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период за кој се однесува приходот | Вид на приход | Период на договор | Опис на активноста | Вредност во МКД |
| 2014 | Грант - ОБИ - Меѓународно партнерство за буџети | 11/2013-6/2015 | ЦЕА продолжува да биде партнер со светски познатиот Меѓународното буџетско партнерство-ИБП во процесот на спроведување на Анкетата за отворен буџет за Македонија, а за прв пат оваа година Македонија преку ЦЕА е дел од пилот-активности за спроведување на буџетскиот Тракер (www.obstracker.org, OBS Тракер). Сепак, ИБП не беше во можност да добие коментари за нацрт прашалникот за отворен буџет од Владата на Македонија. | 261.132,00 |
| 2014 | Грант -Добро владеење преку подобра фискална транспарентност- Словак Балкан Фонд 2 транша | 11/2013-3/2014 | Во 2013 ЦЕА доби грант од SlovakAid за спроведување на проектот: Добро владеење преку подобра фискална транспарентност. Главен мотив за овој проект се инцидентите кои се случија на 24ти декември 2012 година, за време на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, кога претставниците на опозицијата и новинарите беа насилно изнесени од Парламентот на Р.М и државниот Буџет беше донесен само од страна на претставниците на Владата. Со користење на препораките од Комисијата која се формираше за да ги утврди фактите на тој ден, светските најдобри практики и експертското знаење во таа област ние ќе предложиме препораки за да се надминат тие прашања и да се подобри фискалната транспарентност и отчетност на Владата на Република Македонија | 45.463,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | Грант ЕУ ИПА | 3/2014-9/2015 | **Коалиција за буџетски мониторинг, мониторинг на буџетскиот процес на ЕЛС во РМ,** Финансиран од CSF EU IPA. Краток опис на проектот Центарот за економски анализи, во партнерство со Форум ЦСРД, идентификуваа потребата за подобрување на транспарентноста на буџетскиот процес меѓу ЕЛС како прашање што бара подобрување. Целта на зголемена транспарентност на процесот на општинскиот буџет во Македонија е да се охрабрат граѓаните да земат поактивна улога во приоритизација на локалните јавни расходи и покрај вклученоста на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки. Акцијата е поддржана од Програмата на ЕК, за граѓанското општество ИПА. Во насока на подобрување на капацитетите на локалните граѓански организации, посебна методологија за мониторинг беше развиена, беа избрани суб-грантисти а основните организации беа обучени да ги подобрат своите знаења за буџетскиот процес и законската рамка за финансирање на локална самоуправа. Сите локални организации заедно со ЦЕА и ФОРУМ стана дел од неформалната група Коалицијата за буџетски мониторинг со зголемен интерес за натамошно проширување. | 4.463.399,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | Грант ЕУ ЕИДХР | 2/2014-2/2015 | Зголемување на транспарентноста и отчетноста преку буџет базиран на перформанси<br>Краток опис на проектот<br>Проектот е финансиран од ЕИДХР програмата на Европската унија а имплементиран од ЦЕА и ИДСЦС. Во рамки на проектот објавени се 4 студии: Извештај од мониторинг на транспарентноста и отчетноста на буџетските корисници, Буџет базиран на перформанси - за подобар буџетски процес и зголемување на транспарентноста и отчетноста, Студија за јавната политика на буџетската транспарентност и отчетност во Македонија, Физибилити студија - Буџет базиран на перформанси за подобар буџетски процес и зголемување на транспарентноста и отчетноста. Сите студии се достапни на веб страната на ЦЕА – cea.org.mk<br><br>Поради потребата  за развој на капацитетите за воведување на концептот за буџетските корисници, ЦЕА & ИДСЦС организираа и спроведува студиско патување во Финска за претставници на буџетските корисници за прибирање на искуства во делот на извршување на буџетот. Знаењето и информациите од искуствата во Финска беа споделени со други претставници на буџетскиот корисник преку национална работилница на која присуствуваа претставници од корисниците на Централниот буџет во Македонија.<br><br>Националната конференција организирана на тема Буџетирање по перформанси во организација на ЦЕА, имаше говорници - експерти од Словенија, ММФ во Македонија, локални експерти од ЦЕА и ИДСЦС. | 3.952.686,00 |
| 2014 | Грант- OSI Think thank fund институционална поддршка | 7/2014-6/2015 | ЦЕА предложи спонтан предлог до OSI Think thank fund за институционална и програмска поддршка. Преговарањето беше завршено со потпишување на договор помеѓу претставникот на OSI Think thank fund, г-дин Горан Булдиоски: gbuldioski@osi.hu и г-дин Марјан Николов, претседател на ЦЕА за шестгодишен грант 2009-2014. Во врска со овој проект, ЦЕА ќе развие голем број на производи и ќе го зајакне својот институционале статус. | 807.796,00 |
| 2014 | Сопствени приходи - Физибилити студија | 2014 | Физибилити студија за оправданост на договор за ЈПП за изградба на паркиралишта на територија на општина Кавадарци | 239.000,00 |
| 2014 | Други сопствени приходи | 2014 | Разни договори за аналзили, истржувања обуки и слично кои поединечно не надминуваат 60 000 денари | 756.000,00 |